Информација за меѓународно тестирање ПИСА

ПИСА (Programme for International Student Assessment) е меѓународна студија која ги мери способностите и знаењата на учениците на возраст од 15 години во повеќе од 70 држави од целиот свет.  Со оваа студија се оценува функционалната писменост односно знаењата и способностите на учениците во три подрачја: способност за читање со разбирање и критички пристап во читањето на пишаните материјали, математичка писменост и писменост во природните науки. Освен што се проверува знаењето и вештините на учениците, ПИСА тестирањето нуди важни индикатори за квалитетот на образовниот систем и образовните политики на земјите учеснички во тестирањето.

Резултатите од спроведената студија овозможуваат добивање валидни податоци за тоа колку добро учениците се подготвени за живот во модерни општества по завршување на задолжителното основно образование, ставајќи акцент на применливоста на знаењата, вештините и компетенциите кои ги стекнале во текот на образовниот процес. При мерењето со оваа студија не само што се утврдува дали учениците можат да го репродуцираат своето знаење, туку се утврдува и дали учениците можат да екстраполираат од она што го научиле и да го применат тоа знаење во непозната средина, како и во и надвор од училиштето. Резултатите, исто така, се користат за идентификување на областите кои треба да се подобрат во образовниот систем и во училиштата. Воедно се собираат и информации за социо-економските и образовните фактори кои влијаат на постигањата на учениците и образовната практика на земјите учеснички односно се овозможува споредување на ефикасноста на ученикот и средината за учење помеѓу различни земји.

ПИСА оценувањето го реализира Организацијата за економска соработка и развој – ОЕЦД. Република Македонија досега, преку Министерството за образование и наука беше вклучена во три циклуса на тестирање ПИСА 2000, ПИСА 2015 и ПИСА 2018. Реализатор на активностите е Државниот испитен центар во соработка со Бирото за развој на образованието.